# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 153 Год. LXIII Четврток, 20 декември 2007 Цена на овој број е 150 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2123. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување................................ | 1 |
| 2124. | **Уредба** за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето............. | 13 |
| 2125. | **Уредба** за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина................................................. | 15 |
| 2126. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 16 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-48 |


### СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2123.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 декември 2007 година.

Бр. 07-5392/1
12 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005 и 70/2006), во членот 3 по зборот „старост“ зборовите: „намалување или загубување на работната способност” се заменуваат со зборовите: „општа неспособност за работа или професионална неспособност за работа “.

Член 2

Во членот 5 став 1 точка 3 зборовите: „право на распоредување на друго соодветно работно место, право на соодветно вработување, право на преквалификација или доквалификација” се заменуваат со зборовите: „професионална рехабилитација”.

Член 3

По членот 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

„Член 7-а

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги пренесува придонесите за здравствено осигурување и придонесот за вработување на сметките на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија согласно со склучените договори.“

Член 4

Во членот 11 став 1 точка 9 по зборот „надоместок“ точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „најмногу до навршување на 15 години пензиски стаж;”.

Во точката 10 после зборовите: „упатување и за време на “ зборовите до крајот на реченицата се заменуваат со зборовите: „професионална рехабилитација и соодветно вработување “.

Точката 12 се менува и гласи:

„12) професионални спортисти кои имаат склучено договор за вработување со професионален спортски клуб;”.

Во точката 13 по зборот „односно “ зборовите до крајот на реченицата се заменуваат со зборовите: „професионална неспособност за работа“.

Член 5

Во членот 14 став 1 точката 3 се брише.

Во точката 5 зборовите: „преквалификација и доквалификација” се заменуваат со зборовите: „професионална рехабилитација”.

Точките 4 и 5 стануваат точки 3 и 4.

Член 6

Во членот 15 став 1 точка 2 зборовите: „организирани младински и други работни акции “ се заменуваат со зборовите: „ работно ангажирање на корисници на социјална помош”.

По точката 6 се додаваат три нови точки 7, 8 и 9, кои гласат:

„7) во волонтерска активност согласно со закон;

8) на спортист аматер согласно со закон и

9) на професионален спортист кој има склучено професионален договор со професионален спортски клуб.“

Член 7

Во членот 37 став 1 бројот „80” се заменува со бројот “50”, а бројот “20” се заменува со бројот “50”.

Член 8

Членот 38 се менува и гласи:

„Инвалидност постои кога кај осигуреникот, поради промена во здравствената состојба која не може да се отстрани со лекување, работната способност е трајно намалена за повеќе од половина во споредба со физички и психички здрав осигуреник со исто или слично образование и способност (професионална неспособност за работа ).

Инвалидност постои и кога кај осигуреникот поради промени во здравствената состојба, која не може да се отстрани со лекување, ќе настане трајно губење на работната способност (општа неспособност за работа ).

Инвалидност во смисла на ставовите 1 и 2 од овој член може да настане поради болест, повреда надвор од работа, повреда при работа или професионални болести.

Работите за кои се оценува работната способност на осигуреникот ги опфаќаат сите работи кои одговараат на неговите телесни и психички способности, а се смета дека одговараат на неговите досегашни работи.

Работата за која се оценува работната способност на индивидуалниот земјоделец ја опфаќа работата врз основа на која бил задолжително осигурен по овој закон.”

Член 9

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 поднасловот “Своја работа„ се заменува со поднасловот „Повреда при работа “.

Членот 39 се менува и гласи:

“Како повреда при работа, во смисла на овој закон, се смета повредата на осигуреникот причинета со непосредно и краткотрајно механичко, физичко или хемиско дејство, како и повредата причинета со нагли промени на положбата на телото, ненадејно оптоварување на телото или со други промени на физиолошката состојба на организмот, ако таквата повреда причински е врзана со вршењето на работите на работното место.

Како повреда при работа се смета и повредата причинета на начинот од ставот 1 на овој член што осигуреникот ќе ја претрпи на редовниот пат од станот до местото на работата или обратно, на патот преземен заради извршување на работни задачи и на патот преземен заради стапување на работа, доаѓање на работа од одмор или отсуство прекинати по налог на работодавецот, како и користење право на професионална рехабилитација според овој закон.

Како повреда при работа се смета и заболувањето на осигуреникот што настанало непосредно и како исклучителна последица на некој несреќен случај или од виша сила за време на вршењето на работата или во врска со неа.

Како повреда при работа се смета и повредата што ќе ја претрпи осигуреникот во вршењето на работите од членовите 14 и 15 на овој закон.”

Член 10

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 поднасловот „Друга соодветна работа “ се заменува со поднасловот „Професионална болест “.

Членот 40 се менува и гласи:

„Професионални болести, во смисла на овој закон, се определени болести причинети со подолго непосредно влијание на процесот и условите на трудот врз работната способност на осигуреникот.

Правилникот за листата на професионалните болести го донесува министерот за труд и социјална политика.”

Член 11

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 поднасловот “Намалена работна способност” се заменува со поднасловот „Инвалид на трудот“.

Членот 41 се менува и гласи:

„Инвалид на трудот, во смисла на овој закон, е осигуреникот кој врз основа на инвалидност ги остварува правата од пензиското и инвалидското осигурување.”

Член 12

Членот 42 се менува и гласи:

„Кога кај осигуреникот е утврдена професионална неспособност за работа, се утврдува преостаната работна способност ако со оглед на неговата здравствена состојба, години на живот, образование и способност, може со професионална рехабилитација да се оспособи за работа со полно работно време на друга работа.”

Член 13

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 поднасловот „Загубена работна способност “ се заменува со поднасловот „Права врз основа на преостаната работна способност “.

Членот 43 се менува и гласи:

“Право на професионална рехабилитација има осигуреник кај кој ќе настане инвалидност пред навршени 50 години живот ако според преостанатата работна способност може да се оспособи за друга работа со полно работно време.

Инвалид на трудот кој стекнал професионална рехабилитација се оспособува за вршење на друга соодветна работа за која е потребна стручна подготовка која одговара на работите што ги вршел на својата работа пред настанувањето на инвалидноста.

По исклучок од ставот 1 на овој член професионална рехабилитација може да се обезбеди за друга работа за која е потребна стручна подготовка повисока од онаа која одговара на работите кои осигуреникот ги вршел пред настанувањето на инвалидноста, ако таквото оспособување е оправдано со оглед на стручноста, годините на живот, работното искуство и склоностите и ако постои реална можност за вработување по завршено оспособување.”

Член 14

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 поднасловот “Повреда при работа" се брише.

Членот 44 се менува и гласи:

”Право на професионална рехабилитација има осигуреникот од членот 11 став 1 точки 1 и 2 на овој закон, кај кој постои професионална неспособност за работа.”

Член 15

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 поднасловот “Професионална болест” се брише.

Членот 45 се менува и гласи:

”Ако професионалната неспособност за работа е настаната како последица на повреда надвор од работа или болест, осигуреникот има право на професионална рехабилитација ако ги исполнува условите во однос на пензискиот стаж за стекнување право на инвалидска пензија.

Ако професионалната неспособност за работа настанала поради повреда на работа или професионална болест, осигуреникот има право на професионална рехабилитација без оглед на должината на пензискиот стаж.

Лицата осигурени според членовите 14 и 15 од овој закон, кои стекнале право на професионална рехабилитација, се оспособуваат за работа на работи според стручна подготовка стекната со школување пред настанување на инвалидноста.”

Член 16

Членот 46 се менува и гласи:

“Инвалид на трудот со право на професионална рехабилитација, кој во рок од шест месеца од денот на правосилното решение за признавање на правото не е упатен на професионална рехабилитација, Фондот го упатува на преглед кај Комисијата за оцена на работна способност поради повторна оцена на преостанатата работна способност.

На преглед поради повторна оцена на преостанатата работна способност ќе се упати и корисник со право на професионална рехабилитација, кога Фондот ќе оцени дека инвалидот на трудот со право на професионална рехабилитација нема да може да се оспособи за работа на претходно одредената работа.

Иницијатива за преглед на инвалидот на трудот во случаите од ставовите 1 и 2 на овој член може да даде и работодавецот.”

Член 17

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 поднасловот “а) Права врз основа на преостаната работна способност” се брише.

Членот 47 се менува и гласи:

“Инвалидот на трудот кој стекнал право на професионална рехабилитација има, од денот на настанувањето на инвалидноста до денот на почетокот на професионалната рехабилитација, за време на професионална рехабилитација и од денот на завршетокот на професионалната рехабилитација до вработувањето на соодветното работно место, право на надоместок на плата во висина на инвалидската пензија во случај на професионална неспособност за работа. Висината на инвалидската пензија се определува во случај на повреда на работа или професионална болест во висина од 80% од пензиската основа за определување на инвалидската пензија, а во случај на повреда надвор од работа или болест во висина на инвалидска пензија настаната поради професионална неспособност за работа.

Надоместокот на плата од ставот 1 на овој член му припаѓа на инвалидот на трудот најдолго 12 месеца од денот на завршувањето на професионалната рехабилитација под услов во рок од 30 дена од денот на завршувањето на професионалната рехабилитација да се пријави во надлежната служба за вработување и во согласност со прописите за вработување редовно да се пријавува во таа служба.

Кога професионалната рехабилитација се извршува надвор од престојувалиштето на инвалидот на трудот, а не може да се обезбеди постојан превоз од живеалиштето до местото каде што се извршува професионалната рехабилитација, за инвалидот се обезбедува сместување и храна или надоместок за сместување и храна за време на професионалната рехабилитација во друго место кое го одредува Фондот со општ акт.”

Член 18

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 поднасловот “Скратено работно време” се брише.

Членот 48 се менува и гласи:

“Професионална рехабилитација на инвалидите на трудот се врши под услови и на начин по кој се оспособуваат и другите работници кај работодавецот или центар за рехабилитација.“

Член 19

Во Главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точка 2 членовите 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60 и 61 се бришат.

Член 20

Во членот 63 став 1 зборовите: „загубување на работната способност“ се заменуваат со зборовите: „општа неспособност за работа” и зборовите: „преквалификација и доквалификација“ се заменуваат со зборовите: “професионална рехабилитација”.

Член 21

Во членот 70 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Се смета дека внучињата без родители, другите деца без родители и родителите ги издржувал осигуреникот во смисла на ставот 1 точки 2 и 3 од овој член ако во тој период:

1) не биле во работен однос или не оствариле плата по друг основ;

2) не биле корисници на старосна, инвалидска или семејна пензија;

3) катастарскиот приход од земјоделската дејност по член на потесното, односно на поширокото семејство не изнесува годишно повеќе од 25% од просечната плата остварена во Републиката во претходната година и

4) сите други приходи по член на семејството не изнесувале месечно повеќе од 25% од просечната плата остварена во Републиката во претходната година.”

Член 22

По членот 72 се додава нов член 72-а, кој гласи:

“Член 72-а

Покрај случаите од членот 72 на овој закон, право на семејна пензија стекнува и вдовица кога детето на осигуреникот, односно на корисникот на пензија е родено по смртта на осигуреникот, односно на корисникот на пензија со тоа што семејната пензија и припаѓа од денот на смртта на осигуреникот, односно на корисникот на пензија.

Право на семејна пензија стекнува и вдовицата кај која постоела бременост на денот на смртта на осигуреникот, односно на корисникот на пензија со тоа што семејната пензија до раѓањето на детето се определува за еден член на семејството.

Ако детето е мртвородено или ако умре пред навршувањето на 45 дена живот, на вдовицата и припаѓа семејна пензија до истекот на 45 дена по породувањето.”

Член 23

По членот 75 се додава нов член 75-а, кој гласи:

„Член 75-а

Како дете на школување во смисла на членот 75 од овој закон, се смета ученикот во основно училиште, училиште за средно образование, стручно односно работно оспособување, студент на високообразовна установа и лицето на постдипломски студии додека имаат статус на ученик, односно студент според статутот на соодветната воспитно-образовна установа до навршување на 26 години живот.

Како школување на дете во смисла на ставот 1 од овој член се смета времетраењето на стручното, односно работното оспособување на децата со пречки во психофизичкиот развој .

Како дете без родители во смисла на членот 70 став 1 точка 2 од овој закон се смета и дете кое има еден или два родители кои се трајно неспособни за работа.”

Член 24

Во членот 117 став 1 точката 3 се брише.

Член 25

Во членот 125 бројот „13” се брише.

Член 26

По членот 126 се додава нов член 126-а, кој гласи:

„Член 126-а

Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење затоа што работата на нив е особено тешка и штетна по здравјето се утврдуваат со правилник кој го донесува министерот за труд и социјална политика по претходно добиена согласност од соодветни стручни установи.”

Член 27

Во членот 127 став 1 по зборот „траење” се додаваат зборовите: „а кои не се опфатени со правилникот од членот 126-а”.

Во ставот 2 зборовите: „и научни“ се бришат.

Во ставот 3 по зборот “ траење” се додава запирка и зборовите: „утврдени според ставот 1 на овој член”.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи :

„За работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, работодавецот може да иницира постапка за промена на актот на Фондот, поради промена на техничко-технолошките услови на работа.”

Член 28

По Главата “VI. ПЕНЗИСКИ СТАЖ” се додава нова Глава со четири нови члена 130-а, 130 -б, 130-в и 130-г, кои гласат:

“VI-а СОЛИДАРЕН ФОНД - посмртна помош и членарина

Член 130- а

На корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата, за обезбедување на средства, потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство.

Средствата за солидарен фонд - посмртна помош, Фондот ги уплатува на посебна потсметка во рамките на Трезорската сметка, со назнака „Средства за солидарен фонд - посмртна помош на корисници на пензија. “

Член 130 -б

Издвојувањето на посмртната помош се врши од пензијата на корисникот на пензија, месечно, при исплата на пензијата, освен од семејната пензија на дете остварена по основ на школување.

Износот на издвоените средства и висината на посмртната помош Фондот во соработка со Сојузот на пензионерите на Република Македонија го определува во единствен износ за сите корисници на пензија, во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија.

Износот од ставот 2 на овој член Фондот го објавува на почетокот на секоја година.

Слободните, односно неискористени средства, се вложуваат во купување на државни хартии од вредност.

Член 130 - в

Издвојувањето на средствата и исплатата на посмртната помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици.

Начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд се уредува со акт на Фондот.

Член 130-г

На корисник на пензија Фондот со негова согласност му запира дел од пензијата, за членување во здружение на пензионери (членарина). Средствата по основ на членарина се дозначуваат до Сојузот на пензионерите на Република Македонија.

Членарината од ставот 1 на овој член секоја година ја објавува Сојузот.“

Член 29

Во членот 131 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

“Осигурениците од ставот 1 на овој член поради промена на својството на осигуреник, може само еднаш, по сопствен избор да го отповика утврдениот статус. Ова право осигуреникот може да го изврши најдоцна во рок од три месеца од настанатата промена.

Висината на старосната пензија за осигурениците од ставот 2 на овој член кои ќе се вклучат во целост во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ќе се пресметува според членот 193-б став 2 од овој закон, а за осигурениците кои ќе се вклучат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување според членот 33 од овој закон.”

Член 30

Во членот 133 став 2 точка 4 зборовите: „Републички завод за вработување” се заменуваат со зборовите: „Агенција за вработување на Република Македонија”, а зборовите: „преквалификација и доквалификација” се заменуваат со зборовите: „професионална рехабилитација”.

Во ставот 3 по точката се додава нова реченица која гласи: „Својството на осигуреник се стекнува од денот на уписот на дејноста во соодветниот регистар, односно од денот определен за почеток на вршење на дејноста”.

Ставот 5 се менува и гласи:

“Ако работодавачот поднел пријава за осигурување и се утврди дека не се исполнети условите за стекнување својство на осигуреник и за воведување во матичната евиденција, Фондот донесува решение за неприфаќање на пријавата.“

Член 31

Во членот 134 ставот 4 се менува и гласи:

“Постапката за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, повторно се поведува, по истекот на рокот од една година од денот на прегледот од комисијата на Фондот. Оваа постапка може да се покрене и пред истекот на овој рок доколку со барањето е приложена нова медицинска документација за настанатата промена, односно влошување на здравствената состојба.”

Член 32

Членот 134-а се менува и гласи:

“Во постапката за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, комплетноста и уредноста на документацијата ја утврдува лекар во подрачната единица на Стручната служба на Фондот.

Со акт на Фондот се уредува начинот на работа на лекарот од ставот 1 на овој член.“

Член 33

Во членот 136 став 1 запирката по зборот „Фондот” се заменува со точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во ставот 2 по зборот „постапка” запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во ставот 3 зборовите: „односно работодавачот со општ акт” и запирката се бришат.

Член 34

Во членот 139 став 1 зборовите: “загубена работна способност, преостаната работна способност“ се заменуваат со зборовите: „општа неспособност за работа и професионална неспособност за работа”.

Во ставот 4 по точката се додава нова реченица која гласи: „На задолжителен контролен преглед не подлежи корисник на пензија за одделни заболувања утврдени со Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност.”

Член 35

Во членот 139-а ставови 1, 5 и 6 зборовите: „преоцена-ревизија” се заменуваат со зборот „ревизија”, а во ставот 3 зборовите: „преоцената-ревизијата” се заменуваат со зборот „ревизијата”.

Во ставот 2 зборовите: „преоцена-ревизија” се заменуваат со зборот „ревизија”, а зборовите: „може да “ се бришат.

Во ставот 4 бројот „40” се заменува со бројот „20”, а зборовите: „преоцената-ревизијата” се заменуваат со зборот „ревизијата”.

Член 36

Во членот 140 став 2 бројот „60” се заменува со бројот „50”.

Ставот 4 се брише.

Член 37

Во членот 141 став 1 зборовите: „односно кај работодавецот” се бришат.

Член 38

Во членот 142 запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 39

Членот 148 се менува и гласи:

„Правото на професионална рехабилитација и паричните надоместоци во врска со тие права се ограничуваат, односно престануваат доколку во рок од еден месец инвалидот на трудот не стапи на професионалната рехабилитација, ако без оправдани причини ја прекине професионалната рехабилитација или ако не ја извршува должноста во врска со рехабилитацијата или ако во определен рок не се јави на поканата за повторно оценување на работната способност.”

Член 40

Во членот 154 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„ Доколку корисник на инвалидска, односно семејна пензија не се јави на задолжителен контролен преглед му се запира исплатата на пензијата. Доколку корисникот на пензија не се јави на задолжителен контролен преглед поради оправдани причини (болничко лекување во земјата или странство), нема да се запре исплатата на пензијата до завршувањето на лекувањето, односно јавување на задолжителен контролен преглед.“

Член 41

Во членот 156 ставот 1 по зборот „на” зборовите: „загубената односно преостанатата работна способност” се заменуваат со зборовите: „општа неспособност за работа, односно професионална неспособност за работа”, а по зборовите: „промени на” зборовите: „преостаната работна способност, загубена работна способност” се заменуваат со зборовите: „професионална неспособност за работа, општа неспособност за работа “.

Член 42

Во членот 157 став 1 по точката се додава нова реченица која гласи: „По извршениот избор осигуреникот нема право на повторен избор.“

Член 43

Во членот 160 став 1 точка 11 по запирката сврзникот „и” се брише и се додава нова точка 11-а, која гласи:

„11-а) се врши исплата на посмртна помош на корисниците на пензија и задршка од пензијата за членарина.”

Член 44

Во членот 163 став 1 точката 6 се менува и гласи:

„6) се грижи и ја следи исплатата на посмртната помош на корисниците на пензија и на издвоените средства од пензиите за членарина.”

Член 45

Во членот 167 став 1 по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:

“7) ако во рок од два последователни квартали Фондот покажува негативни финансиски резултати во работењето.”

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Директорот на Фондот може да биде разрешен и на предлог на министерот за труд и социјална политика во случаи од ставот 1 точки 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член, при вршењето на правото на надзор.“

Ставот 2 станува став 3.

Член 46

Во членот 184 став 1 бројот „0,05%“ се заменува со бројот „0,03%“.

Член 47

Во членот 185-з по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Доколку обврзник физичко лице кое врши дејност и индивидуален земјоделец во определениот рок доброволно не ги платат обврските по решението за наплата на придонесот, Фондот може да поднесе тужба за обезбедување наплата на придонесот.”

Член 48

Во насловот на Главата XII зборовите: “КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ” се заменуваат со зборовите: “ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ”.

Член 49

Членот 191 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавачот, ако:

1) оневозможи остварување и користење на права по основа на професионална рехабилитација и преостаната работна способност и

2) не поднесе пријава за осигурување (член 133).

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавачот, ако:

1) изврши исплата на плата, а не уплатил придонес за пензиско и инвалидско осигурување (членови 182 и 183);

2) го оневозможи Фондот да врши увид и контрола на пресметување и уплата на придонесот (член 185) и

3) не доставува месечни податоци за месечната пресметка на придонесот и платата, поединечно, за секој осигуреник или врши уплата на придонес без претходна контрола (член 183).

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице кај работодавачот со глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност.

За прекршок од ставот 1 на овој член ќе се казни и физичко лице кое врши дејност и индивидуален земјоделец доколку не уплатат придонес за пензиско и инвалидско осигурување со глоба во износ од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност.

За прекршок од ставот 2 на овој член ќе се казни и одговорното лице кај работодавачот со глоба во износ од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност.

Глоба во износ од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на физичко лице што врши дејност доколку не плаќа придонес за пензиско и инвалидско осигурување.

Надлежен орган за изрекување на прекршочната санкција од ставовите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член е надлежниот суд.”

Член 50

По членот 191 се додава нов член 191-а, кој гласи:

„Член 191-а

За прекршоците утврдени во членовите 191 и 192 од овој закон, овластените лица за контрола се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

Кога е постигната согласеност за поведување на постапка за порамнување, овластеното лице за контрола составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место и начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот.

Овластеното лице за контрола може во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот да му даде налог за исплата.

Доколку сторителот го прими налогот за исплата е должен истиот да го потпише. Примањето на налог за исплата од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службено, односно одговорно лице кое се нашло на лице место при контролата или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими налогот за исплата.

Изјавата од ставот 5 на овој член се забележува во записникот.

Овластеното лице за контрола е должно да води евиденција за покренатите постапки и за нивниот исход.”

Член 51

Во членот 192 зборовите: “Со парична казна во износ од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на.”

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Надлежен орган за изрекување на прекршочната санкција од ставот 1 од овој член е надлежниот суд.“

Член 52

Членот 203 се брише.

Член 53

Корисниците на паричен надоместок по основ на намалена работна способност на товар на средствата на Фондот кои ова право го користеле до влегувањето во сила на овој закон, по службена должност се преведуваат во инвалидска пензија по основ на професионална неспособност за работа според одредбите на овој закон.

За одредување на пензијата од ставот 1 на овој член се зема стажот на осигурување, плати, основици на осигурување и надомест на плата остварени до 31 декември 2007 година.

Член 54

Осигурениците од членот 131 став 2 на овој закон кои својството на осигуреник го промениле пред влегувањето во сила на овој закон, отповикувањето на статусот можат да го направат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 55

Издвојувањето на средствата за солидарен фонд - посмртна помош и членарината се однесува и на корисниците на пензија кои правото на пензија го оствариле пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 56

Дозначените а неискористени средства за исплата на посмртната помош за корисниците на пензија, до денот на влегувањето во сила на овој закон, општинските здруженија на пензионери и инвалидите на трудот се должни да ги повратат на посебната сметка на Фондот - средства за солидарен фонд за посмртна помош на корисници на пензија.

За првата исплата на посмртна помош, во случај на недостиг на средства Фондот може да ги позајми од средствата на Фондот.

Член 57

Членот 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 85/2003) се брише.

Член 58

До определувањето на лекарот од членот 32 став 1 на овој закон, проверката на комплетноста и уредноста на документацијата ќе ја врши Комисијата за утврдување на комплетност и уредност на медицинската документација.

Член 59

Од 1 јануари и од 1 јули секоја година, а до 31 декември 2009 година Владата на Република Македонија може да утврди повисок процент на усогласување на пензиите од процентот на усогласување утврден согласно со членот 37 од овој закон.

Член 60

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 61

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 62

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а членовите 1, 2, 4 ставови 2 и 4, членот 5 став 2, членовите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 25, 26, 27, 28, 30 став 1 и членовите 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 41, 43, 44, 46, 53, 55, 56 и 57 ќе се применуваат од 1 јануари 2008 година, а членот 3 ќе се применува од 1 април 2008 година.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT PËR SIGURIMIN PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005 dhe 70/2006), në nenin 3 pas fjalës “pleqëri” fjalët: “zvogëlimi ose humbja e aftësisë së punës” zëvendësohen me fjalët: “paaftësia e përgjithshme për punë ose paaftësia profesionale për punë”.

Neni 2

Në nenin 5, në paragrafin 1, pika 3 fjalët: “e drejta e sistemimit në vend tjetër adekuat të punës, e drejta e punësimit adekuat, e drejta e rikualifikimit ose mbarimit të kualifikimit” zëvendësohen me fjalët: “rehabilitimi profesional”.

Neni 3

Pas nenit 7 shtohet nen i ri 7-a si vijon:

"Neni 7-a

Fondi i sigurimit pensional dhe invalidor i Republikës së Maqedonisë i bart kontributet për sigurimin shëndetësor dhe kontributin për punësim në llogarinë e Fondit për sigurim shëndetësor të Republikës së Maqedonisë dhe të Agjencisë për punësim të Republikës së Maqedonisë në pajtim me marrëveshjet e lidhura".

Neni 4

Në nenin 11, paragrafi 1 pika 9 pas fjalës "kompensim"pika dhe presja fshihen dhe shtohen fjalët: "më së shumti deri në mbarimin e 15 vjetëve stazh pensional";.

Në pikën 10 pas fjalëve: "udhëzimin edhe gjatë kohës së" fjalët deri në fund të fjalisë zëvendësohen me fjalët: "rehabilitimit profesional dhe punësimit adekuat".

Pika 12 ndryshon si vijon:

"12) sportistët profesional të cilët kanë lidhur marrëveshje për punësim me klubin e sportit profesional;".

Në pikën 13 pas fjalës "respektivisht" fjalët deri në fund të fjalisë zëvendësohen me fjalët: "paaftësisë profesionale për punë".

Neni 5

Në nenin 14 paragrafi 1 pika 3 fshihet.

Në pikën 5 fjalët: "rikualifikim dhe mbarim të kualifikimit" zëvendësohen me fjalët: "rehabilitim profesional".

Pikat 4 dhe 5 bëhen 3 dhe 4.

Neni 6

Në nenin 15, në paragrafin 1, pika 2 fjalët: "aksionet e organizuara rinore dhe aksionet tjera të punës" zëvendësohen me fjalët: "angazhim pune të shfrytëzuesve të ndihmës sociale".

Pas pikës 6 shtohen tre pika të reja, 7, 8 dhe 9 si vijojnë:

"7) në aktivitetin vullnetar në pajtim me ligjin;

8) e sportistit amator në pajtim me ligjin dhe

9) e sportistit profesional i cili ka lidhur marrëveshje profesionale me klubin e sportit profesional".

Neni 7

Në nenin 37 paragrafi 1 numri "80" zëvendësohet me numrin "50", ndërsa numri "20" zëvendësohet me numrin "50".

Neni 8

Neni 38 ndryshon si vijon:

"Invaliditeti ekziston kur te i siguruari, për shkak të ndryshimit të gjendjes shëndetësore që nuk mund të mënjanohet me shërim, aftësia e punës është zvogëluar përgjithmonë për më shumë se gjysmë në raport me siguruesit e shëndoshë fizik dhe psikik me arsim dhe aftësi të njëjtë ose të ngjashëm (paaftësia profesionale për punë).

Invaliditeti ekziston edhe kur te siguruesi për shkak të ndërrimeve në gjendjen shëndetësore, që nuk mund të mënjanohet me shërim, do të shkaktohet humbje e përhershme e aftësisë së punës (aftësia e përgjithshme për punë).

Invaliditeti në kuptim të paragrafëve 1 dhe 2 nga ky nen mund të paraqitet për shkak sëmundjes, lëndimit jashtë punës, lëndimit gjatë punës ose sëmundjeve profesionale.

Çështjet për të cilat vlerësohet aftësia e punës së siguruesit, i përfshin të gjitha çështjet që përgjigjen me aftësitë e tija fizike dhe psikike, ndërsa konsiderohet se u përgjigjen punëve të tija të deriatëhershme.

Puna për të cilën vlerësohet aftësia e punës së bujkut individual e përfshin punën në bazë të së cilës ka qenë sigurues i detyruar sipas këtij ligji".

Neni 9

Në Kapitullin III. FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nëntitulli: "Puna e tij" zëvendësohet me nëntitullin: "Lëndimi gjatë punës"".

Neni 39 ndryshon si vijon:

"Si lëndim gjatë punës, në kuptim të këtij ligji, konsiderohet lëndimi i siguruesit i shkaktuar me veprim mekanik, fizik ose kimik të drejtpërdrejtë dhe afatshkurtër, si dhe lëndimi i shkaktuar me ndryshimin e shpejtë të pozitës së trupit, ngarkimi i papritur i trupit ose me ndryshime tjera të gjendjes fiziologjike të organizmit, nëse lëndimi i tillë sipas shkakut është i lidhur me kryerjen e punëve në vendin e punës.

Si lëndim gjatë punës konsiderohet edhe lëndimi i pësuar në mënyrë sipas paragrafit 1 të këtij neni që siguruesi do ta pësojë gjatë rrugës së rregullt nga banesa deri në vendin e punës ose anasjelltas, gjatë rrugës së marrë për shkak të kryerjes së detyrave të punës dhe gjatë rrugës së marrë për shkak të arritjes në punë, ardhjes në punë nga pushimi ose nga mungesa e ndërprerë me urdhër të punëdhënësit, si dhe gjatë shfrytëzimit të të drejtës së rehabilitimit profesional sipas këtij ligji.

Si lëndim gjatë punës konsiderohet edhe sëmundja e siguruesit që është paraqitur direkt dhe si pasojë e drejtë e ndonjë rastit të fatkeqësisë ose nga forca madhore gjatë kryerjes së punës ose në lidhje me atë.

Si lëndim gjatë punës konsiderohet edhe lëndimi që do ta pësojë siguruesi gjatë kryerjes së punëve nga nenet 14 dhe 15 të këtij ligji".

Neni 10

Në Kapitullin III. FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nëntitulli: "Puna tjetër adekuate" zëvendësohet me nëntitullin: "sëmundja profesionale".

Neni 40 ndryshon si vijon:

"Sëmundjet profesionale, në kuptim të këtij ligji, janë sëmundjet e caktuara të pësuara me ndikimin më të gjatë të drejtpërdrejtë gjatë procesit dhe kushteve të punës ndaj aftësisë së punës së siguruesit.

Rregulloren për Listën e sëmundjeve profesionale e miraton ministri i Punës dhe Politikës Sociale".

Neni 11

Në Kapitullin III FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nëntitulli "Aftësia e zvogëluar e punës" zëvendësohet me nëntitullin "Invalidi i punës".

Neni 41 ndryshon si vijon:

"Invalidi i punës, në kuptim të këtij ligji, është siguruesi i cili në bazë të invaliditetit i realizon të drejtat nga sigurimi pensional dhe invalidor".

Neni 12

Neni 42 ndryshon si vijon:

"Kur te siguruesi është konstatuar paaftësia profesionale për punë, përcaktohet aftësia e ngelur e punës nëse duke marrë parasysh gjendjen e tij të punës, vitet e jetës, arsimin dhe aftësinë mund që me rehabilitim profesional të aftësohet për punë me orar të plotë të punës në punë tjetër".

Neni 13

Në Kapitullin III. FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nëntitulli "Aftësia e humbur e punës" zëvendësohet me nëntitullin "Të drejtat në bazë të aftësisë së ngelur të punës".

Neni 43 ndryshon si vijon:

"Të drejtën e rehabilitimit profesional e ka siguruesi te i cili do të paraqitet invaliditeti para mbushjes 50 vjet moshë nëse sipas aftësisë së ngelur të punës mund të aftësohet për punë tjetër me orar të plotë të punës.

Invalidi i punës i cili ka fituar rehabilitim profesional aftësohet për kryerjen e punës tjetër adekuate për të cilën është e duhur përgatitje profesionale që përgjigjet me punët që i ka kryer në punën e tij para pësimit të invaliditetit.

Me përjashtim të paragrafit 1 të këtij neni rehabilitimi profesional mund të sigurohet për punë tjetër për të cilën është e duhur përgatitje profesionale më e lartë prej asaj që përgjigjet për punët të cilat siguruesi i ka kryer para pësimit të invaliditetit, nëse aftësimi i tillë është i arsyeshëm në raport me profesionalizimin, vitet e jetës, përvojën e punës dhe prirjet dhe nëse ekziston mundësia reale për punësim pas mbarimit të aftësimit".

Neni 14

Në Kapitullin III. FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nëntitulli "Lëndimi gjatë punës" fshihet:

Neni 44 ndryshon si vijon:

"Të drejtën për rehabilitim profesional e ka siguruesi nga neni 11 paragrafi 1 pika 1 dhe 2 nga ky ligj, te i cili ekziston paaftësia profesionale për punë".

Neni 15

Në Kapitullin III. FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nëntitulli "Sëmundja profesionale" fshihet:

Neni 45 ndryshon si vijon:

"Nëse paaftësia profesionale për punë është pësuar si pasojë e lëndimit jashtë pune ose sëmundje, siguruesi ka të drejtën e rehabilitim profesional nëse i plotëson kushtet në raport me stazhin pensional për fitimin e të drejtës së pensionit invalidor.

Nëse paaftësia profesionale për punë është pësuar për shkak të lëndimit në punë ose sëmundjes profesionale, siguruesi ka të drejtën e rehabilitimit profesional pa marrë parasysh gjatësinë e stazhit pensional.

Personat e siguruar sipas nenet 14 dhe 15 nga ky ligj, që kanë fituar të drejtën e rehabilitimit profesional, aftësohen për punë për gjëra sipas përgatitjes profesionale të fituara me shkollimin para paraqitjes së invaliditetit".

Neni 16

Neni 46 ndryshon si vijon:

"Invalidi i punës me të drejtën e rehabilitimit profesional, që në afat prej gjashtë muajve nga dita e vendimit të plotfuqishëm për pranimin e të drejtës nuk është udhëzuar në rehabilitim profesional, Fondi e udhëzon për kontroll në Komisionin për vlerësimin e aftësisë së punës për shkak të vlerësimit të dytë të aftësisë së ngelur të punës.

Në kontroll për shkak të vlerësimit të dytë të aftësisë së ngelur të punës do të udhëzohet edhe shfrytëzuesi me të drejtë rehabilitimi profesional, kur fondi do të vlerësojë se invalidi i punës me të drejtë rehabilitimi profesional nuk do mund të aftësohet për punë në punën e caktuar më parë.

Iniciativë për kontrollin e invalidit të punës në rastet nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni mund të jep edhe punëdhënësi".

Neni 17

Në Kapitullin III. FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nëntitulli "a) Të drejtat në bazë të aftësisë së ngelur të punës" fshihet.

Neni 47 ndryshon si vijon:

"Invalidi i punës i cili ka fituar rehabilitim profesional ka të drejtën e kompensimit në rrogë në lartësi të pensionit invalidor në rast të paaftësisë profesionale për punë, nga dita e paraqitjes së invaliditetit deri në ditën e fillimit të rehabilitimit profesional, gjatë kohës së rehabilitimit profesional dhe nga dita e mbarimit të rehabilitimit profesional deri në punësim në vendin adekuat të punës. Lartësia e pensionit invalidor përcaktohet në rast të lëndimit në punë ose sëmundjes profesionale në lartësi prej 80% nga baza pensionale për përcaktimin e pensionit invalidor, ndërsa në rast të lëndimit jashtë punës ose sëmundjes, në lartësi të pensionit invalidor të shkaktuar për shkak të paaftësisë profesionale për punë.

Kompensimi në rrogë nga paragrafi 1 nga ky nen i takon invalidit të punës më së shumti 12 muaj nga dita e mbarimit të rehabilitimit profesional me kusht që në afat prej 30 ditëve nga dita e mbarimit të rehabilitimit profesional të paraqitet në shërbimin kompetent për punësim dhe në pajtim me dispozitat për punësim rregullisht të paraqitet në atë shërbim.

Kur rehabilitimi profesional bëhet jashtë vendqëndrimit të invalidit të punës, ndërsa nuk mund të sigurohet transport i përhershëm nga vendqëndrimi deri në vendin ku bëhet rehabilitimi profesional, për invalidin sigurohet vendosje dhe ushqim ose kompensim për vendosje dhe ushqim gjatë kohës së rehabilitimit profesional në vend tjetër që e cakton Fondi me akt të përgjithshëm".

Neni 18

Në Kapitullin III. FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nëntitulli "Orari i shkurtër i punës" fshihet.

Neni 48 ndryshon si vijon:

"Rehabilitimi profesional i invalidit të punës bëhet nën kushte dhe në mënyrë me të cilën aftësohen edhe punëtorët tjerë te punëdhënësi ose në qendër për rehabilitim."

Neni 19

Në Kapitullin III. FITIMI DHE PËRCAKTIMI I TË DREJTAVE pika 2 nenet 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60 dhe 61 fshihen.

Neni 20

Në nenin 63, në paragrafin 1, fjalët: "humbja e aftësisë së punës" zëvendësohen me fjalët: "paaftësia e përgjithshme për punë" dhe fjalët: "rikualifikim dhe mbarim të kualifikimit" zëvendësohen me fjalët: "rehabilitim profesional".

Neni 21

Në nenin 70, pas paragrafit 2, shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Konsiderohet se nipat pa prindër, fëmijët tjerë pa prindër dhe prindërit i ka ruajtur siguruesi në kuptim të pikave 2 dhe 3 të paragrafit 1 të këtij neni nëse gjatë asaj periudhe:

1) nuk kanë qenë në marrëdhënie pune ose nuk kanë realizuar rrogë në ndonjë bazë tjetër;

2) nuk kanë qenë shfrytëzues të pensionit të pleqërisë, invalidor ose të pensionit të familjes;

3) të ardhurat kadastrale nga veprimtaria bujqësore për anëtarë të familjes më të ngushtë respektivisht të familjes më të gjerë nuk janë më mëdha se 25% në vit nga rroga mesatare e realizuar në Republikën e Maqedonisë gjatë vitit të kaluar dhe

4) të gjitha të ardhurat tjera për anëtarë të familjes nuk kanë qenë më të mëdha se 25% nga rroga mesatare e realizuar në Republikën e Maqedonisë gjatë vitit të kaluar".

Neni 22

Pas nenit 72 shtohet nen i ri 72-a si vijon:

"Neni 72-a

Përveç rasteve nga neni 72 të këtij ligji, me të drejtë të pensionit familjar fitohet edhe e veja kur fëmija i siguruesit, respektivisht i shfrytëzuesit të pensionit është lindur pas vdekjes së siguruesit respektivisht shfrytëzuesit të pensionit me atë që pensioni familjar i takon nga dita e vdekjes së siguruesit respektivisht shfrytëzuesit të pensionit.

Të drejtën e pensionit familjar e fiton edhe e veja e cila ka pasur shtatzëni në ditën e vdekjes së siguruesit respektivisht shfrytëzuesit të pensionit me atë që pensioni familjar deri në ardhjen e fëmijës përcaktohet për një anëtarë të familjes.

Nëse fëmija është i vdekur ose nëse vdes para mbarimit të 45 ditë jete, vejushës i takon pensioni invalidor deri në mbarimin e 45 ditëve pas lindjes."

Neni 23

Pas nenit 75 shtohet nen i ri 75-a si vijon:

"Neni 75-a

Si fëmijë në shkollim në kuptim të nenit 75 të këtij ligji, konsiderohet nxënësi në shkollë fillore, në shkollë të mesme, në aftësim profesionale respektivisht në aftësim për punë, student në institucion sipëror dhe personi në studime pas universitare deri sa kanë statusin e nxënësit respektivisht studentit sipas statusit të institucionit adekuat edukativo-arsimor deri në mbarim të 26 vjet moshë.

Si shkollim i fëmijës në kuptim të paragrafit 1 të këtij neni, kohëzgjatja e aftësimit profesional respektivisht aftësimit të punës së fëmijëve me pengesa në zhvillimin psikofizik.

Si fëmijë pa prindër në kuptim të nenit 70 paragrafi 1 pika 2 e këtij ligji konsiderohet edhe fëmija që ka një ose dy prindër që janë përjetshëm të paaftë për punë"

Neni 24

Në nenin 117 paragrafi 1 pika 3 fshihet.

Neni 25

Në nenin 125 numri "13" fshihet.

Neni 26

Pas nenit 126 shtohet nen i ri 126-a si vijon:

"Neni 126-a

Vendet e punës në të cilat stazhi i siguruesit konsiderohet me kohëzgjatje të zmadhuar për shkak që puna në to veçanërisht është e rëndë dhe e dëmshme për shëndetin, përcaktohen me rregullore të cilin e sjell ministri për Punë dhe Politikë Sociale sipas pëlqimit të marrë paraprakisht nga institucionet profesionale adekuate".

Neni 27

Në nenin 127 paragrafi 1 pas fjalës "zgjat" shtohen fjalët: "që nuk janë përfshirë me rregulloren nga neni 126-a,".

Paragrafi 2 fjalët "dhe shkencore" fshihen.

Në paragrafin 3 pas fjalës "zgjat" shtohet presja dhe fjalët: "të përcaktuar sipas paragrafit 1 të këtij neni".

Pas paragrafit 4 shtohet paragrafi i ri 5 si vijon:

"Për vendet e punës në të cilat stazhi i siguruesit konsiderohet me kohëzgjatje të zmadhuar, punëdhënësi mund të iniciojë procedurë për ndërrimin e aktit të Fondit, për shkak të ndërrimit të kushteve teknike-teknologjike të punës."

Neni 28

Pas Kapitullit "VI. STAZHI PENSIONAL" shtohet kapitulli i ri me katër nene të reja 130-a, 130-b, 130-v, dhe 130-g, si vijojnë:

"VI-a FONDI SOLIDAR-ndihma pas vdekjes dhe kuota e anëtarësisë

Neni 130-a

Shfrytëzuesit e pensionit, me pëlqim të tij, i ndërpritet një pjesë e pensionit, për sigurimin e mjeteve, të duhura për pagimin e ndihmës pas vdekjes për anëtarët e familjes së tij.

Mjetet për fond solidar-ndihmë pas vdekjes, fondi i arkëton në nën llogari të veçantë në Llogari të Trezorit, me shënim "Mjetet për fond solidar-ndihmë pas vdekjes së shfrytëzuesve të pensionit".

Neni 130-b

Ndarja e ndihmës pas vdekjes bëhet nga pensioni i shfrytëzuesit të pensionit, për ç'do muaj, gjatë pagimit të pensionit, përveç nga pensioni familjar i fëmijës të realizuar në bazë të shkollimit.

Shumën e mjeteve të ndara dhe lartësinë e ndihmës pas vdekjes, Fondi në bashkëpunim me Lidhjen e pensionistëve të Republikës së Maqedonisë e përcakton në shumë unike për të gjithë shfrytëzuesit e pensionit, varësisht nga mjetet e akumuluara dhe vdekshmërisë së shfrytëzuesve të pensionit.

Shumën nga paragrafi 2 të këtij neni Fondi e shpall në fillim të secilit vit.

Mjetet e lira, respektivisht mjetet e pashfrytëzuara, depozitohen në blerjen e letrave shtetërore me vlerë.

Neni 130-v

Ndarjen e mjeteve dhe pagimin e ndihmës pas vdekjes nga mjetet e fondit solidar e bën Shërbimi profesional i Fondit nëpërmjet njësive rajonale.

Mënyra dhe procedura për pagimin e ndihmës pas vdekjes së shfrytëzuesve të pensionit nga mjetet e fondit solidar rregullohet me akt të Fondit.

Neni 130-g

Shfrytëzuesit të pensionit, Fondi me pëlqimin e tij i ndërpret një pjesë të pensionit, për anëtarësim në shoqatën e pensionistëve (kuotë anëtarësie). Mjetet në bazë të anëtarësisë i referohen Lidhjes së pensionistëve të Republikës së Maqedonisë".

Kuotën e anëtarësisë nga paragrafi 1 të këtij neni çdo vit e shpall Lidhja.

Neni 29

Në nenin 131, pas paragrafit 1 shtohen dy paragrafë të ri, 2 dhe 3, si vijojnë:

"Siguruesit nga paragrafi 1 të këtij neni për shkak të ndërrimit të cilësisë së siguruesit, mund vetëm një herë sipas zgjidhjes personale ta ndërrojë statusin e caktuar. Këtë të drejtë siguruesi mund ta bëjë më së voni në afat prej tre muajve nga ndërrimi i paraqitur.

Lartësia e pensionit të pleqërisë për siguruesit nga paragrafi 2 të këtij neni që do të inkuadrohen në tërësi në sigurimin pensional me financim të detyruar kapital do të llogaritet sipas nenit 193-b paragrafi 2 nga ky ligj, ndërsa për siguruesit që do të inkuadrohen në sigurimin e detyruar pensional dhe invalidor sipas nenit 33 nga ky ligj".

Neni 30

Në nenin 133, në paragrafin 2, pika 4 fjalët: "Enti Republikan për Punësim" zëvendësohen me fjalët: "Agjencia për Punësim e Republikës së Maqedonisë" ndërsa fjalët: "rikualifikim dhe mbarim të kualifikimit" zëvendësohen me fjalët: "rehabilitim profesional".

Në paragrafin 3, pas pikës, shtohet fjali e re si vijon: "Cilësia e siguruesit fitohet nga dita e regjistrimit të veprimtarisë në regjistrin adekuat respektivisht nga dita e caktuar për fillimin e kryerjes së veprimtarisë".

Paragrafi 5 ndryshon si vijon:

"Nëse punëdhënësi ka paraqitur fletëparaqitje për sigurim dhe konstatohet se nuk janë plotësuar kushtet për fitimin e cilësisë së siguruesit dhe për evidentim në evidencën amë, Fondi merr vendim për mospranimin e fletëparaqitjes".

Neni 31

Në nenin 134, paragrafi 4, ndryshon si vijon:

"Procedura për përcaktimin e invaliditetit respektivisht paaftësisë për punë, sërish ngritët, pas kalimit të afatit prej një viti nga dita e propozimit të komisionit të Fondit. Kjo procedurë mund të ngritët edhe para skadimit të këtij afati nëse me kërkesën është bashkangjitur dokumentacioni i ri mjekësor për ndërrimin e paraqitur respektivisht për keqësimin e gjendjes shëndetësore".

Neni 32

Neni 134-a ndryshon si vijon:

"Në procedurën për konstatimin e invaliditetit respektivisht paaftësisë për punë, për dokumentet e plota dhe të rregullta, konstaton mjeku në njësinë rajonale të Shërbimit profesional të Fondit.

Me akt të Fondit përcaktohet mënyra e punës së mjekut nga paragrafi 1 i këtij neni".

Neni 33

Në nenin 136, paragrafi 1, presja pas fjalës "Fondi", zëvendësohet me pikë dhe fjalët deri në fund të fjalisë fshihen.

Në nenin 2, pas fjalës "procedurë", presja zëvendësohet me pikë, ndërsa fjalët deri në fund të fjalisë fshihen.

Në paragrafin 3 fjalët: "respektivisht punëdhënësi me akt të përgjithshëm" dhe presja fshihen.

Neni 34

Në nenin 139, paragrafi 1, fjalët: "aftësisë së humbur të punës, aftësisë së ngelur të punës" zëvendësohen me fjalët: "paaftësisë së përgjithshme për punë dhe paaftësisë profesionale për punë".

Në paragrafin 4, pas pikës, shtohet fjali e re si vijon: "Vizitës së kontrolli të detyruar mjekësor nuk i nënshtrohet shfrytëzuesi i pensionit për disa sëmundje të veçanta të përcaktuara me Rregulloren për organizimin, përbërjen dhe mënyrën e punës së Komisionit për vlerësimin e aftësisë së punës"

Neni 35

Në nenin 139-a në paragrafët 1, 5 dhe 6 fjalët: "rivlerësim-revizion" zëvendësohen me fjalën: "revizion", ndërsa në paragrafin 3 fjalët: "rivlerësimi-revizioni" zëvendësohen me fjalën: "Revizioni".

Në paragrafin 2 fjalët: "rivlerësim-revizion" zëvendësohen me fjalën: "revizion", ndërsa fjalët: "mund të" fshihen..

Në paragrafin 4 numri "40" zëvendësohet me numrin "20", ndërsa fjalët: "rivlerësimi-revizioni" zëvendësohen me fjalën "revizioni".

Neni 36

Në nenin 140 paragrafi 2 numri "60" zëvendësohet me numrin "50".

Paragrafi 4 fshihet.

Neni 37

Në nenin 141, paragrafi 1, fjalët: "respektivisht te punëdhënësi" fshihen.

Neni 38

Në nenin 142, presja zëvendësohet me pikë, ndërsa fjalët deri në fund të fjalisë fshihen.

Neni 39

Neni 148 ndryshon si vijon:

"E drejta e rehabilitimit profesional dhe kompensimet në para në lidhje me ato të drejta kufizohen respektivisht pushojnë nëse në afat prej një muaji invalidi i punës nuk hyn në rehabilitim profesional, nëse pa shkaqe të arsyeshme e ndërpret rehabilitimin profesional ose nëse nuk e kryen detyrën në lidhje me rehabilitimin ose nëse në afatin e caktuar nuk paraqitet në ftesën për vlerësimin e sërishëm të aftësisë së punës".

Neni 40

Në nenin 154, pas paragrafit 2, shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Nëse shfrytëzuesi i pensionit invalidor respektivisht pensionit familjar nuk paraqitet në vizitë kontrolli të detyrueshëm i ndërpritet pagesa e pensionit. Nëse shfrytëzuesi i pensionit nuk paraqitet në vizitë kontrolli të detyrueshëm për shkaqe të arsyeshme (shërim spitalor në vend ose jashtë vendit) nuk do të ndërpritet pagesa e pensionit deri në mbarimin e shërimit, respektivisht paraqitjes në vizitë kontrolli të detyrueshëm".

Neni 41

Në nenin 156 paragrafi 1 pas fjalës "gjatë" fjalët: "aftësisë së humbur të punës, respektivisht aftësisë së ngelur të punës" zëvendësohen me fjalët: "paaftësisë së përgjithshme për punë respektivisht paaftësisë profesionale për punë", ndërsa pas fjalëve: "ndryshime të" fjalët: "aftësisë së ngelur të punës, aftësisë së humbur të punës" zëvendësohen me fjalët: "paaftësisë profesionale për punë, paaftësisë së përgjithshme për punë".

Neni 42

Në nenin 157, paragrafi 1 pas pikës, shtohet fjali e re si vijon: "Pas zgjedhjes së siguruesit nuk ka të drejtë të bëjë zgjedhje të dytë".

Neni 43

Në nenin 160 paragrafi 1 pika 11, pas presjes lidhëza "dhe" fshihet dhe shtohet pikë e re 11-a si vijon:

"11-a bëhet pagesa e ndihmës pas vdekjes shfrytëzuesve të pensionit dhe ndalesa e pensionit për anëtarësi".

Neni 44

Në nenin 163, paragrafi 1 pika 6 ndryshon si vijon:

“kujdeset dhe e përcjell pagesën e ndihmës pas vdekjes së shfrytëzuesve të pensionit dhe të mjeteve të ndara nga pensionet për kuotën e anëtarësisë”.

Neni 45

Në nenin 167 paragrafi 1, pas pikës 6) shtohet pikë e re 7) si vijon:

“7) nëse në afat prej dy kuartalëve të njëpasnjëshëm Fondi tregon rezultate negative financiare në punë”.

Pas paragrafit 1 shtohet paragrafi i ri 2 si vijon:

“Drejtori i Fondit mund të shkarkohet edhe me propozim të ministrit për Punë dhe Politikë Sociale në rastet nga paragrafi 1 pikat 3, 4, 5, 6 dhe 7 të këtij neni, gjatë kryerjes së të drejtës së mbikëqyrjes”.

Paragrafi 2, bëhet paragraf 3.

Neni 46

Në nenin 184 paragrafi 1 numri “0,05%” zëvendësohet me numrin “0,03%”.

Neni 47

Në nenin 185-z, pas paragrafit 2, shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

“Nëse obliguesi personi fizik i cili bën veprimtari dhe bujku individ në afatin e caktuar vullnetarisht nuk i paguan obligimet sipas aktvendimit për pagesën e kontributit, Fondi mund të paraqesë ankesë për sigurimin e pagimit të kontributit”.

Neni 48

Në titullin e kapitullit XII. pas fjalëve: “DISPOZITAT NDËSHKUESE” zëvendësohen me fjalët: “DISPOZITAT PËR KUNDËRVAJTJE”.

Neni 49

Neni 191 ndryshon si vijon:

“Gjobë në shumë prej 2.000 deri 3.000 euro në kundërvlerë me denarë do ti shqiptohet për kundërvajtje punëdhënësit, nëse:

1) pamundëson realizimin dhe shfrytëzimin e të drejtës në bazë të rehabilitimit profesional dhe aftësisë së ngelur të punës dhe

2) nuk paraqet fletëparaqitje për sigurim (neni 133).

Gjobë në shumë prej 3.000 deri 5.000 euro në kundërvlerë me denarë do ti shqiptohet për kundërvajtje punëdhënësit, nëse:

1) bën pagesën e rrogës, ndërsa nuk ka arkëtuar kontribut për sigurim pensional dhe invalidor (neni 182 dhe 183);

2) e pamundëson Fondin që të bëjë shikimin dhe kontrollin e llogaritjes së arkëtimit të kontributit (neni 185) dhe

3) nuk dorëzon të dhëna mujore për llogarinë mujore të kontributit dhe rrogës, veçmas për secilin sigurues ose bën arkëtimin e kontributit pa kontroll paraprak (neni 183).

Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 të këtij neni, do të dënohet edhe personi përgjegjës i punëdhënësit me gjobë në shumë prej 300 deri 1.000 euro në kundërvlerë me denarë.

Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 të këtij neni, do të dënohet edhe personi fizik dhe bujku individ nëse nuk arkëton kontribut për sigurim pensional dhe invalidor me gjobë në shumë prej 400 deri 1.000 euro në kundërvlerë me denarë.

Për kundërvajtjen nga paragrafi 2 të këtij neni, do të dënohet edhe personi përgjegjës i punëdhënësit me gjobë në shumë prej 400 deri 1.000 euro në kundërvlerë me denarë.

Gjobë në shumë prej 400 deri 1.000 euro në kundërvlerë me denarë do ti shqiptohet për kundërvajtje edhe personit fizik që bën veprimtari nëse nuk paguan kontribut për sigurim pensional dhe invalidor.

Organ kompetent për shqiptim të sanksionit për kundërvajtje nga paragrafi 1, 2, 3, 4, 5 dhe 6 nga ky nen është gjyqi kompetent.”

Neni 50

Pas nenit 191 shtohet nen i ri 191-a si vijon:

“Neni 191-a

Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenet 191 dhe 192 të këtij ligji, personat e autorizuar për kontroll janë të detyruar që kryerësit të kundërvajtjes t’i propozojnë procedurë për barazim para se të paraqesin kërkesë për procedurë kundërvajtëse.

Kur të arrihet pëlqim për ngritjen e procedurës për barazim, personi i autorizuar për kontroll përpilon procesverbal në të cilin shënohen elementet e rëndësishëm të kundërvajtjes, koha, vendi dhe mënyra e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimin i veprimit të kundërvajtjes dhe personat e hasur në vendin e ngjarjes dhe mënyrat në të cilat do të mënjanohen pasojat e dëmshme nga kundërvajtja.

Personi i autorizuar për kontroll mund që në procedurë për barazim kryerësit të kundërvajtjes ti jep urdhërpagesë.

Nëse kryerësit e kanë pranuar urdhërpagesën është i detyruar që të njëjtën ta paguajë. Pranimi i urdhërpagesës nga kryerësi i kundërvajtjes shënohet në procesverbal.

Kur si kryerës i kundërvajtjes paraqitet personi juridik, procesverbalin dhe urdhërpagesën e nënshkruan personi zyrtar respektivisht personi përgjegjës i cili është hasur në vendin e ngjarjes gjatë kontrollit ose personi tjetër zyrtar ose personi tjetër përgjegjës i cili ka deklaruar se ka të drejtë ta nënshkruajë procesverbalin dhe ta pranojë urdhërpagesën.

Deklarata nga paragrafi 5 i këtij neni shënohet në procesverbal.

Personi i autorizuar për kontroll është i detyruar të mbajë evidencë për procedurat e ngritura dhe për përfundimin e tyre.”

Neni 51

Në nenin 192 fjalët: “Me dënim në para në shumë prej 40.000 deri 50.000 denarë do të dënohet për kundërvajtje” zëvendësohen me fjalët: “Gjobë në shumë prej 500 euro deri 1.000 euro në kundërvlerë me denarë do të shqiptohet për kundërvajtje:

Pas paragrafit 1 shtohet paragrafi i ri 2 si vijon:

“Organ kompetent për shqiptim të sanksionit kundërvajtës nga paragrafi 1 nga ky nen është gjyqi kompetent”.

Neni 52

Neni 203 fshihet.

Neni 53

Shfrytëzuesit e kompensimit me para në bazë të aftësisë së zvogëluar të punës në barrë të mjeteve të Fondit të cilët këtë të drejtë e kanë shfrytëzuar deri në hyrje në fuqi të këtij ligji, sipas detyrës zyrtare barten në pension invalidor në bazë të paaftësisë profesionale për punë sipas dispozitave të këtij ligji.

Për përcaktimin e pensionit nga paragrafi 1 të këtij neni merret stazhi i sigurimit, rrogat, mjetet bazë të sigurimit dhe kompensimi i rrogës i realizuar deri 31 dhjetor 2007.

Neni 54

Siguruesit nga neni 131 paragrafi 2 i këtij ligji të cilët cilësinë e siguruesit e kanë ndërruar para hyrjes në fuqi të këtij ligji, ndërrimin e statusit mund ta bëjnë në afat prej tre muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 55

Ndarja e mjeteve për fondin solidar-ndihmës pas vdekjes dhe kuotës për anëtarësi ka të bëjë edhe me shfrytëzuesit e pensionit të cilët të drejtën e pensionit e kanë realizuar para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 56

Mjetet e referuara e të pa shfrytëzuara për pagimin e ndihmës pas vdekjes për shfrytëzuesit e pensionit, deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, shoqëritë komunale të pensionistëve dhe invalidëve të punës janë të detyruar ti kthejnë në llogari të veçantë të Fondit-mjetet për fond solidar për ndihmë pas vdekjes të shfrytëzuesve të pensionit.

Për të drejtën e ndihmës pas vdekjes, në rast të mungesës së mjeteve Fondi mund ti huazojë nga mjetet e Fondit.

Neni 57

Neni 23 nga Ligji për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 85/2003) fshihet.

Neni 58

Deri në caktimin e mjekut nga neni 32 paragrafi 1 të këtij ligji, kontrollin e kompetencës dhe rregullsinë e dokumentacionit do ta bëjë Komisioni për përcaktimin e kompetencës dhe rregullsinë e dokumentacionit mjekësor.

Neni 59

Prej 1 janarit dhe prej 1 qershorit çdo vit, ndërsa deri më 31 dhjetor 2009 Qeveria e Republikës së Maqedonisë mund të përcaktojë përqindje më të lartë të harmonizimit të pensioneve nga përqindja e harmonizimit të përcaktuar në përputhje me nenin 37 të këtij ligji.

Neni 60

Autorizohet Komisioni juridiko-ligjdhënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekstin e spastruar të Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor.

Neni 61

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 3 muajsh nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji.

Neni 62

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa nenet 1, 2, 4 paragrafët 2 dhe 4, neni 5 paragrafi 2, nenet 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 25, 26, 27, 28, 30, paragrafi 1, nenet 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 41, 43, 44, 46, 53, 55, 56 dhe 57 do të zbatohen nga 1 janar 2008, ndërsa neni 3 do të zbatohet nga 1 prill 2008.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2124.**

Врз основа на член 65, став (1) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.11.2007 година донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА СТРАТЕГИИТЕ, ПЛАНОВИТЕ И ПРОГРАМИТЕ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И ПРОМЕНИТЕ НА ТИЕ СТРАТЕГИИ, ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ, ЗА КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ СПРОВЕДУВА ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНА НА НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ВРЗ ЖИВОТОТ И ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми (во натамошниот текст: плански документи), за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (во натамошниот текст: стратегиска оцена).

Член 2

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следново значење:

- **„краткорочни плански документи"** се документите кои се донесуваат за период од една година вклучувајќи ги и промените на тие плански документи;
- **„среднорочни плански документи"** се документите кои се донесуваат за период од пет години вклучувајќи ги и промените на тие плански документи;
- **„долгорочни плански документи"** се документите кои се донесуваат за период над пет години вклучувајќи ги и промените на тие плански документи.

Член 3

Стратегиска оцена се спроведува на плански документи, и промените на тие плански документи, од следниве области:

**1. Земјоделство** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои содржат мерки и активности и се однесуваат на:

- развој на земјоделско-прехранбениот сектор,
- користење на земјоделското земјиште,
- заштитата на растенијата, семе и семенски материјали,
- агрометеоролошките активности,
- дефинирање на политиката на безбедноста на храна,
- планирањето на развојот на земјоделството и развојот на руралните подрачја,
- мерките на земјоделската политика,
- креирање на политиките за воведување и развој на органското земјоделско производство,
- регистрација на субјектите, следење и евидентирање на состојбите во производството, преработката и прометот со органски производи; - одгледувањето и прометот на говеда, овци, кози, свињи, коњи, живина, куникули и други животни од стопанско значење, добивањето на добиточни производи,
- одгледување на растенија за производство на биодизел,

- дефинирање на политиката на производството на вино, описот, ознаката, обележувањето, презентацијата и заштитата на виното,

- дефинирање на политиката на производство на суров тутун,

- откупот, сместувањето, обработката на откупениот суров тутун во лист,

- прометот на ферментираниот тутун,

- дефинирање на политиката на производство и промет на големо со тутунски производи, следењето на употребата на додатоци во тутунските производи.

**2. Шумарство** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на политиките на:

- стопанисување со шумите,

- заштитата на шумите,

- пошумување на голини и ерозивни земјишта,

- нега на шумски култури, мелиорација на деградирани шуми, санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова и

- спречување на ширењето на масовното сушење на шумите и шумските култури.

**3. Рибарство** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:

- унапредување, заштита и користење на рибниот фонд,

- користењето, управувањето и заштитата на рибниот фонд од риболовните води,

- утврдување на риболовни подрачја,

- зони и ревири и рекреативни зони,

- стопански риболов, рекреативен и спортски риболов, опрема, алат и други средства во рибарството.

**4. Енергетика** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:

- долгорочните цели за развој на обновливи извори на енергија (хидроенергија, ветерна енергија, соларна енергија, геотермална енергија, биомаса, земен гас, биогас, биогорива и сл.) како и поедини енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија,

- приоритети на развој,

- извори и начин за обезбедување на потребни количества енергија и енергенти,

- утврдување и користење на енергетските ресурси и капацитети од стратешка важност за државата,

- преобразба на енергетскиот сектор, поттикнувачки мерки за инвестирање во енергетски објекти во кои се користат обновливи извори на енергија,

- поттикнувачки мерки за зголемување на енергетската ефикасност,

- услов и начин за обезбедување на заштита на животната средина и мерки за реализација на заштитата и други елементи од значење за енергетскиот развој.

**5. Индустрија** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:

- развој на индустриската политика,

- следење на индустриското производство и технолошкиот развој,

- реструктуирање и преобразба на одделни индустрии (текстилна, челична, металуршка итн.),

- дозаокружување на процесот на приватизацијата;

- продолжување и интензивирање на структурните реформи, а преку тоа и создавањето на нова структура на индустриското производство,

- подобрување на деловното окружување,

- зголемување на инвестициите (домашни и странски), а особено инвестициите во информатика, технологија и знаење,

- подигнување на квалитетот на работна сила, и

- промоција на малите и средните претпријатија и на претприемништвото.

**6. Рударство** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:

- геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

**7. Транспорт** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на:

- развојот и унапредувањето на патниот, железничкиот, водениот и авио транспортот,

- условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта,

- среднорочни и годишни програми за изградба, реконструкција и одржување на патиштата,

- издавање под концесија на патна инфраструктура,

- одржување на патиштата на раскрсниците и вкрстувањата; регулирање на приклучоците на патиштата; обезбедување на минимална безбедност на тунелите,

- организацијата на железничкиот систем;

- вршење на железничкиот превоз, управување, изградба, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на железничката инфраструктура,

- давање под концесија за изградба на нова или управување со цела или со дел од железничката инфраструктура,

- финансирањето на железничката инфраструктура,

- условите и начинот на користењето, одржувањето, обележувањето и заштитата на пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и капалишта, безбедноста на внатрешната пловидба, спасувањето и вадењето потонати предмети,

- воздухопловна политика,

- концесии во областа на воздухопловството,

- испитување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина во управувањето со воздушниот сообраќај.

**8. Регионалниот развој** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на:

- рамномерен регионален развој,

- поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, критериумите врз кои ќе се утврдат населените места принципи на политиката на регионален развој, анализа на економската и социјалната состојба на ниво на статистички региони,

- концепт за развој, приоритети и стратешки цели на регионалниот развој,

- институции и механизми за имплементација, мониторинг и евалуација планирањето на регионалниот развој и планските документи,

- поттикнувачки инструменти за регионален развој.

**9. Телекомуникации** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на дефинирање на:

- развој на електронските комуникации и информатичките технологии,

- создавање услови за потполна либерализација во електронските комуникации, а посебно во делот за изградба на инфраструктурата,

- пристап и интерконекција со јавни комуникациски мрежи на други оператори и даватели на јавни комуникациски услуги,

- идентификување на потребите на населението со утврдување на приоритетите за обезбедување на универзална услуга,

- развојот на конкуренцијата во областа на електронските комуникации и информатичкото општество и зголемувањето на достапноста и користењето на електронските комуникации и информатичките технологии,

- заштита на нарушување или ограничување на конкуренцијата во областа на електронските комуникации,

- стимулирање на ефикасно инвестирање во изградбата на инфраструктурата и поддршка на иновации,

- ефикасно користење на радиофреквенциите и нумеричкиот простор како ограничен природен ресурс, и овозможување во слични околности да нема дискриминација во третманот на операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги,

- стратешките насоки, активности и цели за создавање на амбиент за поддршка на дигиталната конвергенција помеѓу инфо-комуникациските технологии и електронските медиуми, како услов за развој на информатичкото општество.

**10. Управувањето со отпадот** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на:

- управувањето со отпадот на ниво на Република Македонија, општините, на град Скопје и општините во град Скопје,

- спречување/намалување на создавањето на отпад,

- минимизирање на користењето на ресурсите и намалување на количините и/или опасните карактеристики на создаден отпад,

- повторно користење – повторно користење на производи или добра за истата или различни намени/цели,

- рециклирање – повторна обработка на отпадните материјали кои ќе се користат како влезна суровина во производството на истиот или различен производ,

- понатамошно враќање на отпадот во производните циклуси – добивање на вредност од отпадот преку компостирање, повторно искористување за енергија и други технологии,

- депонирање – доколку не постои друго соодветно решение, одлагање со депонирање или согорување (инсинерација) без или со повторно искористување на енергијата.

**11. Управувањето со водите** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на:

- управувањето, третманот, заштитата на водите и речните сливови,

- планови за заштита од поплави,

- начинот на употреба и користење на водите, заштитата од штетни дејства на водите, заштита на водите од исцрпување и загадување,

- изворите, условите и начинот на финансирање на водостопанските дејности, услови и начини на вршење на водостопанските дејности, давање на водата на користење со одобрение (концесија), меѓудржавните води и други прашања од значење за обезбедувањето на единствен режим на водите,

- интегриран пристап при регулирањето на управувањето со водите,

- рационално и ефикасно користење на водите,

- одржливиот развој на водните ресурси, заштита на водите и заштита од штетно дејство на водите.

**12. Туризам** – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на развојот на туризмот генерално како и на развојот на еко-туризмот и на други видови на туризам.

**13. Планирање на просторот и користење на земјиштето** – плански документи кои се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на територијата на Р Македонија, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

14. Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина.

15. Сите плански документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина.

16. Плански документи за спасување и заштита од несреќи.

17. Плански документи за управување со генетски модифицирани организми.

18. Плански документи за управување со заштитените подрачја.

19. Плански документи што не се директно поврзани или неопходни за управување со еколошки значајни подрачја, но за кој постои веројатност дека ќе имаат значителен ефект врз истото, индивидуално или во комбинација со другите планови или проекти, ќе биде предмет на соодветно оценување на неговите импликации за подрачјето во однос на постигнување на целите за зачувувањето на подрачјето.

20. Други плански документи чие донесување е предвидено согласно закон, а се однесуваат на горенаведените области.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-7132/1 | Заменик на претседателот |
| 20 ноември 2007 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

**2125.**

Врз основа на член 67, став (2) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.11.2007 година донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Член 2

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, ги содржи следните информации:

(а) резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи;

(б) релевантни аспекти на моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементација на планот или програмата;

(в) карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;

(г) други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;

(д) целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;

(ѓ) веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, човечкото здравје, фауната, флората, почвата, водата, воздухот, климатските фактори, материјалните придобивки, културното наследство кое вклучува архитектонско и археолошко наследство, пејзажот и меѓусебната поврзаност на овие фактори. Овие влијанија вклучуваат секундарни, кумулативни, синергистички, краткорочни, со средно и долгорочни, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти;

(е) мерките предвидени за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ;

(ж) резиме/краток преглед на причините за изборот на алтернативите, и опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;

(з) опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;

(ѕ) не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во точките од а) до з) на став (1) од овој член.

(2) Кога се спроведува стратегиска оцена на животната средина на понизок плански документ кој произлегува од друг повисок плански документ, а за кој претходно била спроведена стратегиска оцена на животната средина, извештајот за стратегиска оцена на животната средина за понискиот плански документ ги содржи информациите од повисокиот плански документ, а кои се реално потребни за донесување на понискиот плански документ, со цел да се избегне дуплирање на оценување на влијанието врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-7133/1 | Заменик на претседателот |
| 20 ноември 2007 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**2126.**

Врз основа на член 206, став 1, точка а) и точка ж) и став 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005 и 25/2007), како и член 211, став 5 од Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 38/2005), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 12.12.2007 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се забранува вршење на сите услуги со хартии од вредност на Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје со седиште во Скопје, на ул. „11 Октомври“ бр. 7, ГТЦ 1-ви кат, за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност, во период од 30 работни дена.

2. Се задолжува Македонската берза АД Скопје да ја суспендира Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје од тргувањето на берзата, согласно изречената забрана од точка 1 на ова решение, од денот на приемот на решението.

3. Се задолжува Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, да ги отповика сите резервации на хартии од вредност направени од страна на Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје, согласно изречената забрана, од денот на приемот на решението.

4. Се задолжуваат Македонската банка АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје веднаш по приемот на ова решение, привремено да ја исклучат од членство Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје, во периодот на траење на забраната.

5. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

6. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-3673/3 | Комисија за хартии од вредност |
| 12 декември 2007 година | Претседател, |
| Скопје | **Марина Наќева-Кавракова,** с.р. |

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622

2007153